Централна кооперативна банка АД Скопје

Врз основа на член 59, став 1, точка 7 од Статутот на Централна кооперативна банка а во врска со член 86, став 1, точка 8 од Законот за банките, Собранието на акционерите на Банката, на својата седница на Вонредното собрание, одржана на 23.03.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за именување член на Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје**

**Член 1**

За член на Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје се именува лицето **Јонко Петров.**

**Член 2**

Лицето од член 1 на оваа одлука се именува со мандат во траење од 4 (четири) години, сметано од денот на добивање претходна согласност од гувернерот на НБРСМ.

**Член 3**

Се задолжуваат стручните служби на Банката да ја спроведат постапката за добивање претходна согласност од гувернерот на НБРСМ за именување член на Надзорниот одбор.

**Член 4**

По добивање претходна согласност од гувернерот на НБРСМ, да се спроведе постапка за упис на именуваното лице во Централниот регистар на РСМ.

**Член 5**

Одлуката ќе стапи во сила по добивање претходна согласност од гувернерот на НБРСМ.

***Образложение***

Со оглед на зголемувањето на бројот на членови на Надзорниот одбор на Банката во Статутот на Банката, се јави потребата од избор и именување на нов член на Надзорниот одбор, имајќи ја во предвид обврската на Банката за одржување на бројот на членови на Надзорниот одбор утврдени во Статутот, па согласно наведеното Собранието на акционерите на ЦКБ АД Скопје одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**СА бр. 0201 – 04**
**23.03.2023 година**
**С К О П Ј Е**

**Претседавач**

Централна кооперативна банка АД * Скопје *